РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4106/6
25-08-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 73та седница одржана на 18.08.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-4106/1 од 26.04.2022 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ----------, член на Совет на Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Како резултат на постапувањето на лицето --------- по барањата на ДКСК за отстранување на состојба на судир на интереси и плаќање на прекршочен платен налог, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4106/1 од 26.04.2022 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, според кој ДКСК ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ---------- доставена до ДКСК на ден 26.11.2021 година и утврди дека истата, покрај тоа што ја извршува функцијата член на Совет на Општина ---------, во исто време е и член на Управен одбор во ЈЗУ ---------, што е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК констатираше дека од страна на лицето -------- е сторен прекршок и за истото согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог, кои беа доставени во прилог.

ДКСК му укажа на истото лице дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на наведеното известување да ја отстрани констатираната состојба, постапувајќи на еден од следните начини:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

1. да се откаже од извршување на функцијата член на Совет на ---------- или
2. да се откаже од извршување на член на Управен одбор во ЈЗУ ----------.

Во законски утврдениот рок, лицето -------- постапи по барањето на ДКСК и се откажа од извршување на функцијата член на Управен одбор во ЈЗУ ---------- и достави доказ - барање за разрешување од должноста член на Управен одбор во ЈЗУ ---------- со приемен печат до ЈЗУ ----------. Исто така, лицето ---------- достави до ДКСК уплатница за платена глоба по прекршочен платен налог.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното , поради надминување на состојбата на судир на интереси, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: С.М, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Вилјана Ивановска**